РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Бр. 02-316
1.3.2021
Скопје

**До**
**Архитектонскиот факултет**
**Скопје**

Почитувани,

Ве известуваме дека Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно член 157, став 1, точка 8 и член 282 од Статутот на УКИМ, на 8. седница одржана на 26.2.2021 година, донесе:

1. Одлука за усвојување на студиска програма од трет циклус студии – докторски студии по ***архитектура и урбанизам*** на Архитектонскиот факултет во Скопје;

Во прилог на дописот ви ја доставуваме одлуката и ве потсетуваме дека согласно Законот за високото образование одлуката треба да ја приложите во Елаборатот, во делот Прилози, точка 2.

Исто така, Ве потсетуваме дека, до Одборот за акредитација на високото образование, заедно со барањето за акредитација, се приложуваат 2 примероци од елаборатот и прилозите во харија и 20 примероци во електронска форма снимени на CD.

Ве молиме, по завршувањето на постапката за акредитација на наведениот проект, до Универзитетот да се достави копија од решенијата за акредитација.

Со почит,

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" * РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ

Изготвил: Виолета Ланговска

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 9.3.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 70/3 | | |

Бр.02-316/13
26.2.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, точка 3 од Законот за високото образование (Службен весник на РСМ 82/2018) и член 157, став 1, точка 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на наставно - научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 8. седница одржана на 26.2.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Елаборатот за студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по архитектура и урбанизам, на Архитектонскиот факултет во Скопје**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по **архитектура и урбанизам, на Архитектонскиот факултет во Скопје.**

**Член 2**

Наставата на студиската програма од **трет циклус студии – докторски студии по архитектура и урбанизам**, ќе започне да се изведува по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација, добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиската програма и по добивање на решение за почеток со работа од Владата на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Универзитетскиот сенат го упатува проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација на високото образование на натамошна постапка за акредитација, односно повторна акредитација.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**Претседател на Универзитетскиот сенат**

**Проф. д-р Анета Баракоска**

**Доставено до:**
**Архитектонскиот факултет во Скопје**